***ВИШ УПРАВЕН СУД***

***СКОПЈЕ***

***БИЛТЕН***

***Бр.11***




***СКОПЈЕ***

***Октомври 2016 година***

**ИЗДАВАЧ:**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**

| | |
|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ:**<br>ЛИДИЈА ИВАНОВСКА | Претседател на Виш управен суд |
| **ЧЛЕНОВИ:** | |
| Судија Анита Данилова | Претседател на I –специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Владанка Панчурова Сулејманова | Претседател на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Виолета Илиевска | Претседател на III – специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судија Лидија Георгиевска | Член на I –специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Светлана Костова | Член на I –специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Емрије Зубери | Член на I –специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Дијана Димитрова | Член на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Фани Илиевска | Член на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Рина Исени | Член на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Мирјана Василевска | Член на III – специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судија Загорка Тноковска | Член на III – специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права |
| **Судски советник**<br>**Верица Гавровска- Петровска** | |
| **КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА** | Љупка Илиеска |

**<u>На ден 03.10.2016 година, судиите одржаа седница, на која согласно член 72 од Судскиот деловник, донесоа и усвоија сентенци:</u>**

**С О Д Р Ж И Н А**

**С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за имотно – правна област и други права** ------------------------------------------------------------------------

**С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права** -------------------------------

**С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права** -----------------------------------------------------

# СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

**I - УЖ-1 бр.607/2016**

Претседател на совет судија Анита Данилова

**При експропријација, органот е должен да утврди дали предлагачот на експропријацијата ги доставил сите докази предвидени со член 26 од Законот за експропријација (Службен весник на република Македонија бр. 9/12) и кога постои одлука за извршување на буџет тоа претставува доказ дека се обезбедени средства за надомест за експроприраната недвижност и не треба да се бара посебна банкарска гаранција.**

Од образложението:

Жалбата е неоснована.

Тужениот орган со оспореното решение Предлогот за експропријација на Град Скопје бр.13-697/141 од 13.01.2016 година за реализација на јавен интерес изградба на Бул.“Трета Македонска Бригада“, го уважил и експроприрал Кп.бр.1850/6 КО Кисела Вода 2 стара состојба, односно нов Кп.бр.1850/12 КО Кисела Вода 2 во површина од 5 м2, поранешна сопственост на Петар Божинов од Скопје, согласно геодетскиот елаборат со список индикации за катастарски парцели Дел.бр.25-601/1 од 14.04.2015 година, Имотен лист бр.50760 за КО Кисела Вода 2, Понуда за надомест на износ од 2.592.867,00 денари, Процена за пазарната вредност на недвижен имот Абц-бротехер ДООЕЛ бр.632 од 04.08.2015 година, Одлука за извршување на Буџет на Град Скопје за 2016 година донесена на советот на град Скопје бр.07.9724/3 од 24.11.2015 година. Првостепениот орган вака одлучил бидејќи утврдил дека постои јавен интерес согласно член 7 став 1 алинеја 8 и член 9 став 3 од Законот за експропријација.

Против напред наведеното решение, жалба вложил тужителот, која тужениот орган со оспореното решение ја одбил како неоснована и решението на првостепениот орган го потврдил.

Управниот суд постапувајќи по тужба на тужителот донел пресуда со која тужбата ја одбил како неоснована. Управниот суд вака одлучил бидејќи утврдил дека тужениот органот во управната постапка донел законита одлука и дека правилно оценил дека првостепениот орган неправилно ја утврдил фактичката состојба и неправилно го применил материјалното право.

Вишиот управен суд наоѓа дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Имено, согласно член 9 од Законот за општата управна постапка предвидено е дека во управна постапка мора да се утврди фактичката состојба

на работите и за таа цел мора да се утврдат сите факти што се од важност за донесување на законито и правилно решение.

Согласно член 26 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ број 9/12), со предлогот за експропријација се поднесува: 1. Доказ дека предлагачот на експропријација му понудил на сопственикот на недвижноста договорно да го реши прашањето за стекнување право на сопственост на недвижноста што треба да биде предмет на експропријација (писмена понуда за склучување на договор за размена, или договор за продажба); 2. Извод од актот за планирање на просторот или одобрен проект за инфраструктура; 3. Геодетски елаборат за нумерички податоци за недвижноста за која се предлага експропријација; 4. Понуда за видот и висината на надоместокот за недвижноста за која се предлага експропријацијата во висина на пазарната вредност на недвижноста утврдена од овластен проценувач согласно со законот за процена; 5. Имотен лист за недвижноста за која се предлага експропријација; 6. Имотен лист за недвижноста што се нуди како надомест за експроприраната недвижноста и 7. Доказ за обезбедени средства за надоместок на експроприраната недвижност (известување за планирани средства во буџетот од лицето кое раководи со буџетскиот корисник или единка корисник на средствата од буџетот на Република Македонија), банкарска гаранција дека јавните претпријатија, трговските друштва и други институции основани од државата имаат обезбедено средства за надоместок, одлука на советот на единицата на локалната самоуправа за резервирани средства за експропријација во буџетот на единицата на локалната самоуправа, односно банкарска гаранција дека концесионерот, носителот на долготрајниот закуп и инвеститорот на линиска инфраструктура има обезбедено средства за надоместок.

Во конкретниот случај Вишиот управен суд утврди дека Управниот суд правилно оценил дека органот во управната постапка целосно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил Законот за експропријација. Имено, со увид во списите на предметот правилно утврдил Управниот суд дека тужениот орган донел законита одлука кога ја одбил тужбата како неоснована, со оглед да првостепениот орган целосно ја утврдил фактичката состојба, односно утврдил дека над земјиштето од кое се одзема корисничкото право од тужителот е предвидена изградба од јавен интерес изградба на Бул.“Трета Македонска Бригада“.

**II - Уж-1.бр.100/2016**

Судија Лидија Георгиевска

**Во постапката за утврдување правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства-антенски столб и електронска опрема, кои се бесправно поставени на објекти од релевантно значење е согласноста на сопственикот на индивидуален станбен објект, на чиј покрив се поставени, а не сопственоста на земјиштето што е околу индивидуалниот станбен објект.**

Од образложението

Управниот суд со Пресуда У-3.бр.257/2014 од 20.11.2015 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Друштво за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје против Решението на Република Македонија - Државна комисија за одпучување во управната постапка и постапка од работен однос во втор степен Скопје Уп бр.0804-160 од 31.01.2014 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и на Вишиот управен суд му предлага да ја уважи жалбата и да ја укине пресудата и предметот да го врати на повторно судење.

Одговор на жалба доставија Иван Тројачанец и Методија Тројачанец од Скопје во име на нивната починатата мајка Вера Терзиева Тројачанец од Скопје, која се јавила во управната постапката како заинтересирано лице.

Вишиот управен суд, по проучување на списите на предметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е основана.

Имено, видно од списите по предметот, Министерството за транспорт и врски постапувајќи по барањето на ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје за утврдуваање на правен статус на бесправно изграден објект поднесено на ден 31.08.2011 година, донел Решение бр.58 УП 2280/2011 од 16.10.2013 година со кое под став 1 утврдил правен статус на бесправно изграден објект електронска комуникациска мрежа и средство - антенски столб поставен на објект на Кп бр.3857 на КО Карпош, запишан во Имотен лист бр.29008 означен како број на зграда 1, намена на зграда _, посебен дел од зграда Е2 екгзг 2 и електронска комуникациска мрежа и средство- електронска опрема која е поставена на објект на КП бр.3857 КО Карпош , запишан во Имотен лист бр.29008 означен како број на зграда _, намена на зграда Е2, посебен дел од зграда Е1 екоз 1. Под став 2 како носител на правото на сопственост на објектот од точка 1 од диспозитивот на ова решение се утврдува ВИП Оператор ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по жалба од Вера Терзиева Тројачанец од Скопје, како заинтересирано лице, тужениот орган со Решение Уп бр.0804-160 од 31.01.2014 година, истата ја уважил, Решението бр.58 Уп 2280/2011 од 16.10.2013 година на Министерството за транспорт и врски го поништил и предметот го вратил на првостепениот орган на повторно разгледување и одпучување.

Тужителот со тужба за управен спор го оспорил второстепеното решение на тужениот орган. Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот со Пресуда У-3.бр.257/2014 од 20.11.2015 година истата ја одбил како неоснована.

Вишиот управен суд наоѓа дека во конкретниот случај основани се жалбените наводи на тужителот дека при донесувањето на пресудата на Управниот суд, неправилно и нецелосно е утврдена фактичката состојба, а следствено на тоа, неправилен е и заклучокот по однос на истата и дека пресудата е незаконита.

Во член 9 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/2005, бр.110/2008 и бр.51/2011) е наведено дека во управната постапка мора да се утврди фактичката состојба на работите и за таа цел мора да се утврдат сите факти што се од важност за донесување на законито и правилно решение.

Според одредбата од член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/2005, бр.110/2008 и бр.51/2011), образложението на решението содржи: кратко излагање на барањето на странките, утврдената фактичка состојба, по потреба и причините кои биле решавачки при оцената на доказите, причините поради кои не е уважено некое од барањата на странките, правните прописи и причините кои со оглед на утврдената фактичка состојба упатуваат на онакво решение какво што е дадено во диспозитивот.

Согласно член 2 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/2011), под бесправно изградени објекти во смисла на овој закон се подразбираат објекти од значење за републиката согласно со Законот за градење и друг закон, објекти од локално значење согласно со Законот за градење и објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита кои се изградени без одобрение за градење или спротивно од одобрението за градење, како и делови (доградби и надградби) на објектите од значење за Републиката и од локално значење и на објектите на здравствените установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита кои се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење во и надвор од планскиот опфат.

Во член 14 став 2 од истиот закон урбанистичка согласност за електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно поставени на објекти се издава доколку се исполнети следниве услови: - барањето за утврдување на правен статус е поднесено во рокот од член 5 став (2) на овој закон, - изготвен е записник за извршен увид на самото место согласно со членот 9 на овој закон, - електронските комуникациски мрежи и средства се поставени пред влегувањето во сила на овој закон и истите претставуваат градежна и функционална целина, - има согласност од 51% од станарите или од заедницата на сопственици на станови, ако електронските комуникациски мрежи и средства се поставени на колективен објект, односно од сопственикот ако се поставени на индивидуален објект, - објектот на кој се поставени електронските комуникациски мрежи и средства има акт за употреба или е запишан во имотен лист или е донесено правосилно решение за утврдување на правен статус на објектот на кој се поставени, - електронските комуникациски мрежи и средства ги исполнуваат стандардите за статика, а доколку се наоѓаат во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука

согласно со членот 25 од овој закон и стандардите за геомеханика, - има позитивно мислење од Агенцијата за електронски комуникации, - има согласност од надлежен орган, доколку електронските комуникациски мрежи и средства се наоѓаат во подрачјата и зоните наведени во членот 18 од овој закон и има изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства– колокации за потребите на јавната мобилна комуникациска мрежа.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби Вишиот управен суд смета дека Управниот суд погрешно заклучил дека во конкретниот случај тужениот орган правилно го донел оспореното решение. Имено, во случајов предмет на управниот спор е решение со кое е утврден правен статус на бесправно изграден објект електронска комуникациска мрежа и средство - антенски столб и електронска опрема кои се поставени на индивидуален станбен објект, што неспорно произлегува од списите по предметот. Во оваа смисла, кон барањето се доставени сите докази кои се предвидени како услови за добивање на урбанистичка согласност за електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно поставени на објекти. Оттука, за овој суд е нејасно од кои причини второстепениот орган го донел спорното решение потврдено со побиваната пресуда со кое е утврдено дека не се применил членот 14 став 2 алинеја 5 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти според кој еден од условите за добивање урбанистичка согласност е електронските комуникациски мрежи и средства да ги исполнуваат стандардите за статика, а доколку се наоѓаат во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука согласно со членот 25 од овој закон и стандардите за геомеханика, при што образложил дека договорот за закуп од 29.01.2008година на предметниот индивидуален станбен објект врз основа на кој ВИП оператор побарал правен статус на бесправно изградениот објект антенски столб и електронска опрема не подразбира дека по автоматизам сопственикот на објектот на кој е поставен антенскиот столб го има уредено правото на колокација како што предвидувала наведената законска одредба. Ваквото образложение во оспореното решение не е соодветно на цитираната законска одредба на која се повикува, а уште повеќе на фактичката состојба и на доказите приложени кон предметот, на што основано укажува тужителот во изјавената жалба. Воедно, во ситуација кога предмет на управен спор е утврдување на правен статус на електронска комуникациска мрежа и средство поставени на објект, Вишиот управен суд цени дека тужениот орган и Управниот суд погрешно одлучиле дека ВИП оператор немал приложена никаква согласност од заинтересираното лице Вера Терзиева Тројачанец од Скопје кое во постапката по жалба навела дека истата била сопственик на дел од земјиштето на кое бил поставен елемент како составен дел од антенскиот столб, со оглед на тоа што наведеново може да биде предмет на некоја друга постапка. Имено, во случајов, од оспореното решение и приложените докази, видно е дека објектот за кој се утврдувал правниот статус не е лоциран на било чие земјиште, туку на покрив на индивидуален станбен објект, кој, пак, не е во нејзина приватна сопственост, туку е во сопственост на други лица. Од истите причини, за овој суд неосновано е и образложението во оспореното решение според кое закуподавачот на објектот Вања Телеграфчиски од Скопје имал воспоставено право на користење

на предметната катастарска парцела, а не и право на сопственост, што е ирелевантно со оглед на фактот што бесправниот објект се наоѓа на покривот на индивидуален објект во приватна сопственост. Според Вишиот управен суд во постапката за утврдување на правниот статус на предметниот бесправен објект-електронска опрема и антенски столб од страна на тужениот орган не навел од каде е утврдено дека не се исполнети условите согласно член 14 став 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и дека решението за утврдување на правниот статус треба да биде поништено со оглед да од списите по предметот произлегува дека тужителот при поднесувањето на барањето за добивање на решението ги доставил сите исправи предвидени во наведената законска одредба. Воедно, со оглед на тоа што објектот е заведен на други лица, управните органи во повторната постапка треба да утврдат кој е правниот интерес на лицето Вера Терзиева Тројачанец од Скопје, односно лицата Иван Тројачанец и Методија Тројачанец од Скопје кои се јавуваат во име на нивната почината мајка.

При ваква состојба Вишиот управен суд наоѓа дека има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот, при што во повторената постапка органот ќе треба да ги има во предвид забелешките на судот дадени во оваа пресуда и да донесе законита одлука.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИОТ СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ДРУГИ ПРАВА

### I – УЖ-2 бр.723/2015

Претседател на совет судија Владанка Панчуровска

**Од страна на Фондот за здравстено осигурување, одбиено е барање на тужител за надомест на трошоци за набавено безглутенско брашно 180 кг, во странство Германија, од причини што тужителот не обезбедил рецепти за пропишување на препаратот од избраниот лекар, а доставил само потврди за дефицитарност од три различни аптеки, кои трошоци тужителот ги платил со лични средства. Согласно пропишаниот Образец бр.5 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, потребно е кон барањето да бидат приложени и рецепти за секој набавен лек.**

Управниот суд со Пресуда У-4.бр.878/2014 од 16.02.2015 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Гоце Јовановски од Охрид рилеп изјавена против решението на Министерот за здравство УП2 бр.13-5906 од 18.06.2014 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог Вишиот управен суд жалбата да ја уважи и предметот да го врати на

повторно постапување и одлучување.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Со решение на Фондот за здравствено осигурување Охрид УП1 бр. 16-427/4-12 од 06.06.2012 година, одбиено е барањето на Гоце Јовановски од Охрид за надомест на трошоци за набавено безглутенско брашно 180кг, во странство- Германија, од причини што тужителот не обезбедил рецепти за пропишување на препаратот од избраниот лекар. Со оглед дека во Конзилијарното мислење од Клиниката за детски болести Скопје бр.0403-8127 од 18.10.2007 година, а врз основа на медицинската потврда од Клиниката за детски болести Скопје бр.0403-5/39 од 04.03.2008 година било утврдено дека кај тужителот поради природата на болеста била потребна исхрана со безглутенско брашно, од страна на Фондот за здравствено осигурување Скопје на тужителот му била испратена и покана да достави рецепти за набавка на безглутенско брашно и потврди за дефицитарност од три различни аптеки, а во врска со поднесеното барање за надомест на трошоци за набавка на безглутенско брашно кој ги платил со лични средства. Тужителот поканата лично ја примил и доставил само потврди за дефицитарност на лекот од три различни аптеки, додека рецепти не доставил. Бидејќи со пропишаниот образец бр. 5 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на првата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, потребно е кон барањето да се приложат и рецепти за секој набавен лек, истите не биле приложени од страна на тужителот иако уредно бил известен за тоа, Фондот го одбил барањето.

По наоѓање на Вишиот управен суд, побиваната пресуда е правилна и законита.

Согласно членот 9 ставот 1 точка 8 од Законот за за здравствено осигурување („Службен Весник на Република Македонија" број 151/2007, ...171/2010, 158/11, 42/2012 и 63/2012), осигурените примарната и во болничката здравствена заштита имаат право на лекови , ако тие се наоѓаат на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија според генерично име. Во листата на лекови наведена е и фармацеската дозажа за лековите кои се на товар на Фондот.

Согласно член 54 став 1 точка 8 од истиот закон Фондот за здравствено осигурување ги утврдува референтните цени на лековите, медицинските помагала, опремата, протезите ортопедските помагала и потрошните материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица што Фондот ги надоместува.

Согласно член 31 од истиот Закон, а во врска со член 140 став 1 и 3 од Законот за општа управна постапка, странката е должна да ја изнесе точно, вистинито и определено фактичката состојба врз која го заснова своето

барање. Ако странката и во дополнителниот определен рок (покана), не поднела докази, органот е должен да ја продолжи постапката и во согласност со правилата на постапката, да ја реши управната работа.

По мислење на Вишиот управен суд во конкретниов случај, видно од списите на предметот Конзилијарното мислење од Клиниката за детски болести Скопје бр.0403-8127 од 18.10.2007 година и медицинската потврда од Клиниката за детски болести Скопје бр.0403-5/39 од 04.03.2008 година било утврдено дека кај тужителот поради природата на болеста била потребна исхрана со безглутенско брашно. Од страна на Фондот за здравствено осигурување Скопје на тужителот му била испратена и покана да достави рецепти за набавка на безглутенско брашно и потврди за дефицитарност од три различни аптеки, а во врска со поднесеното барање за надомест на трошоци за набавка на безглутенско брашно кој ги платил со лични средства. Тужителот поканата лично ја примил и доставил само потврди за дефицитарност на лекот од три различни аптеки, додека рецепти не доставил. Со оглед дека со пропишаниот образец бр.5 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на првата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, потребно било кон барањето да се приложат и рецепти за секој набавен лек,а истите не биле приложени од страна на тужителот иако уредно бил известен за тоа, правилно постапил Фондот кога го одбил барањето за надомест на трошоци за лек.

Согласно погорецитираните законски одредби од член 9, 54 и 31 од Законот за здравствено осигурување, а во врска со член 140 став 1 и 3 од Законот за општа управна постапка, странката е должна да ја изнесе точно, вистинито и определено фактичката состојба врз која го заснова своето барање. Ако странката и во дополнителниот определен рок (покана), не поднела докази, органот е должен да ја продолжи постапката и во согласност со правилата на постапката, да ја реши управната работа. Со оглед дека и од страна на Фондот за здравствено осигурување Скопје на тужителот му била испратена и покана да достави рецепти за набавка на безглутенско брашно и потврди за дефицитарност од три различни аптеки, а во врска со поднесеното барање за надомест на трошоци за набавка на безглутенско брашно кој ги платил со лични средства, тужителот иако поканата лично ја примил доставил само потврди за дефицитарност на лекот од три различни аптеки (но без датум на издавање), додека рецепти не доставил. Од тие причини, а врз основа и на пропишаниот образец бр. 5 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на првата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, потребно било кон барањето да се приложат и рецепти за секој набавен лек, а истите не биле приложени од страна на тужителот иако уредно бил известен за тоа, правилно постапил Фондот кога го одбил барањето за надомест на трошоци за лек, така што од страна на органите правилно била утврдена фактичката состојба, а со тоа и правилно применето материјалното право.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИОТ СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ, ЦАРИНСКИ, ДАНОЧНИ И ДРУГИ ПРАВА

**I-УЖ-3.бр.375/16**

Претседател на совет судија Виолета Илиевска

**Управата за јавни приходи согласно член 51 став 1, 6 и 10 од Законот за данок на додадена вредност (Службен весник на Република Македонија бр.44/99...23/16) правилно извршила службена регистрација на данокот на додадена вредност. Со решението за службена регистрација Управата за јавни приходи Регионална дирекција Скопје се утврдува: даночниот обврзник, даночниот број, периодот на поднесување на даночната пријава, првиот даночен период, датумот за регистрацијата на данокот на додадена вредност и од кога се пресметува. Со решението за регистрација не се утврдува данок, ниту пак се дава налог за плаќање, туку се врши само службена регистрација на данокот на додадена вредност за периодот од 01.01.2015.**

Управниот суд со Пресуда тужбата на тужителот ја уважил и Решението на Министерство за финансии Управа за јавни приходи Регионална дирекција Скопје број.26-163/00524 од 17.02.2016 година го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган преку Државниот правобранител на Република Македонија за подрачје Скопје поради суштествена повреда на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине и предметот врати на повторно одлучување или да се преиначи на начин што тужбата на тужителот ќе биде одбиена како неоснована и оспореното решение потврдено.

Вишиот управен суд, по проучување на списите на предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка најде:

Жалбата е основана.

Од списите во предметот произлегува врз основа на податоците со кои располага Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, а врз основа на поднесените годишни извештаи на исплатувачите на бруто остварените приходи (Образец ПДД-ГИ) за 2014 година било утврдено дека даночниот обврзник за 2014 година извршил промет на услуги по основ на издавање под закуп на имот кој го надминува износот од 1.000.000,00 денари и истиот бил должен да поднесе Пријава за регистрација за данок на додадена вредност (Образец ДДВ-01) од 01.01. до 15.01.2015 година во Управата за јавни приходи, заради упис во регистарот на обврзници на данокот на

додадена вредност. Органот утврдил даночниот обврзник не поднел пријава ДДВ-01, па согласно член 51 став 1, 6 и 10 од Законот за данок на додадена вредност донел Решение Број.26-163/00524 од 17.02.2016 година за службена регистрација за данок на додадена вредност.

Незадоволен од ова решение даночниот обврзник повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи ја законитоста на Решението на Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје. Судот одлучувајќи по тужбата донел Пресуда со која тужбата на тужителот ја уважил и го поништил оспореното решение.

Согласно член 8 став 1 од Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10) управен спор може да се води против конечен управен акт донесен во втор степен (конечен управен акт). Според став 2 од истиот член управен спор може да се поведе и против првостепен управен акт кога не е предвидена правна заштита во управна постапка во втор степен.

Согласно член 51 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15 и 23/16) сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година надминал износ од 1.000.000 денари или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност дека ќе го надмине износот или во текот на годината го надмине износот обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност. Обврската за регистрација за данокот на додадена вредност не се однесува за даночни обврзници во смисла на член 32 точка 4 и член 46 на овој закон. Согласно став 6 од истиот член надлежниот даночен орган го врши уписот во регистарот на обврзници на данокот на додадена вредност од почетокот на тековната календарска година и притоа им издава на даночните обврзници решение. Ако даночниот обврзник започнал да ја врши својата дејност во текот на календарската година, регистрацијата се врши со започнувањето на вршењето на дејноста. Под започнувањена вршење на дејноста се подразбира првото вршење на активност на даночниот обврзник како прва извршена набавка на добра (основни средства, трговска стока и друго) користена услуга (закуп, истражување на пазар и друго) и извршен промет на добра или услуга. Ако во текот на годината даночниот обврзник го надмине износот на остварен вкупен промет од 1.000.000 денари, регистрацијата се врши по истекот на месецот кога е остварен прометот. Согласно став 10 од истиот член даночните обврзници во смисла на став 1, првата реченица и на став 4 од овој член ја поднесуваат пријавата најдоцна до 15 јануари во тековната година. Ако даночниот обврзник започнал со вршењето на својата дејност во текот на календарската година, пријавата се поднесува во рок од 15 дена од почетокот од вршењето на дејноста. Ако во текот на годината се надмине износот на остварен вкупен промет од 1.000.000 денари, даночниот обврзник ја поднесува пријавата најдоцна до 15 во месецот кој следи по месецот кога е остварен прометот.

Согласно член 7 став 1 од Законот за даночната постапка („Службен

весник на Република Македонија“ број 13/06, 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15 и 129/15), даночната обврска се утврдува врз основа на законите кои биле во сила во време на нејзиното настанување, освен ако, во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство. Според став 2 од истиот член дејствијата во даночната постапка се регулирани со прописите кои се на сила во времето кога се преземаат.

Вишиот управен суд наоѓа дека неправилно заклучил Управниот суд кога прифатил дека при одлучувањето тужениот орган погрешно го применил членот 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.130 од 03.09.2014 година), каде во членот 51 во ставот (1), (6) и (10) износот „2.000.000,, се заменува со износот „1.000.000,00 , односно времето кога ова одредба ќе се применува.

Правилно тужениот орган службено го регистрирал тужителот за данокот на додадена вредност во регистарот на обврзници на данокот на додадена вредност од почетокот на тековната календарска година - 01.01.2015 година, наоѓајќи дека остварил вкупен промет во изминатата календарска година - 2014 година над 1.000.000 денари.

Врз основа на поднесените годишни извештаи на исплатувачите на бруто остварените приходи за 2014 година, извршил промет на услуги по основ на издавање под закуп на имот кој го надминува износот од 1.000.000,00 денари и бил должен да поднесе Пријава за регистрација на данок на додадена вредност образец ДДВ-01 од 01.01.2015 до 15.01.2015 година во Управа за јавни приходи заради упис во регистарот на обврзници на данокот на додадена вредност. Правилно тужениот орган утврдил дека тужителот не поднел Пријава за регистрација на данок на додадена вредност образец ДДВ-01 поради што и го донел оспореното решение за службена регистрација на данокот на додадена вредност. Во конкретниот случај, се работи за даночен период од календарската 2015 година за кој период е регистриран тужителот во регистарот на обврзници по основ данок на додадена вредност, односно е регистриран за целите на данок на додадена вредност од 01.01.2015 година, а за прв даночен период му е определен периодот од 01.01.2015 до 31.03.2015 година.

**II- УЖ-3 бр.369/2016**

судија Загорка Тноковска

**Поведување на управен спор зарадиразрешување од функцијата заменик на Народен правобранител, поради исполнување на услови за старосна пензија**

1. Во случајот не се работи за управен акт во смисла на Законот за управните спорови. Ова од причина што се работи за спроведување на Одлуката на Собранието на Република Македонија за разрешување од функцијата заменик на Народниот правобранител.

Според Законот за управните спорови, судот во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања) кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи како и за актите на тие органи донесени во прекршочна постапка дисциплинска постапка.

Од образложението:

Согласно член 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10), заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физички и правни лица и заради обезбедување на законитоста, судот во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања) кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи како и за актите на тие органи донесени во прекршична постапка.

Според член 2 став 3 од истиот закон, во управен спор се одлучува и против поединечни акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со Закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен против таквиот акт, не е обезбедена друга правна заштита.

Според член 6 од истиот закон, под орган во смисла на овој закон се подразбираат органите на државната управа, Владата на Република Македонија, други државни органи, управни организации, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, фондови, установи и други организации и заедници кога во вршењето на јавните овластувања решаваат за управни работи.

Според член 7 од истиот закон, управен акт во смисла на овој закон е акт со кој органите од член 6 на овој закон решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и актите на тие органи.

Согласно член 9 став 1 точка 2 од истиот закон, управен спор неможе да се поведе за работи за кои врз основа на уставни овластувања дирекно одлучува Собранието и претседателот на Република Македонија, освен за одлуки за именување и разрешување.

Согласно член 26 став 1 точка 2 од истиот закон, судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека актот кој се оспорува со тужбата не е управен акт.

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за народен правобранител е утврдено дека функцијата на народниот правобранител и заменик народниот

правобранител престанува односно се разрешува со исполнување на условите за старосна пензија, согласно со закон.

Согласно член 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж) односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

Во конкретниот случај од увидот во списите по предметот произлегува дека сега тужителот како заменик народен правобранител од Битола доставил Изјави до Собранието на Република Македонија-Комисија за прашања на изборите и именувања од 22.08.2014 година и од 08.07.2015 година за одложување на престанокот на работниот однос до 2016 година, согласно одредбите од членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 113/14), односно согласно со изменетиот став 2 од член 104 од Законот за работните односи. Исто така тужителот до народниот правобранител Скопје доставил Барање заведена под НПР. бр.773/1 од 02.10.2015 година, со која барал да му се продолжи работниот однос до 2016 година. Народниот правобранител, согласно со закон постапил и на ден 04.12.2015 година до Претседателот на Собранието на Република Македонија, доставил предлог за разрешување на заменик Народниот правобранител Васил Јовановски од Битола, согласно членот 9 став 1 точка 4 од Законот за народниот правобранител и Заклучокот на Собранието на Република Македонија бр. 074344/10 од 02.12.2014 година, од причина што заменик народниот правобранител Васил Јовановски ги исполнува условите за старосна пензија , сметано од 02.12.2015 година. Врз основа на наведеното Собранието на Република Македонија донело Одлука бр. 08-6082/1 од 23.12.2015 година, со која од функцијата заменик Народниот правобранител, се разрешува сега тужителот Васил Јовановски од Битола, поради исполнување услови за старосна пензија.

Според овој суд, правилно одлучил Управниот суд кога во случајот утврдил дека не се работи за управен акт во смисла на Законот за управните спорови. Ова од причина што се работи за спроведување на Одлуката бр.08-6082/1 од 23.12.2015 година на Собранието на Република Македонија за разрешување од функцијата заменик на Народниот правобранител.

Оттука, Управниот суд при одлучувањето имал во предвид дека Одлуката на Собранието на Република Македонија за разрешување од функцијата заменик на Народниот правобранител е донесена согласно со Законот за народен правобранител. Според овој суд, Управниот суд оспорената одлука на Собранието на Република Македонија ја ценел во смисла на член 7 од Законот за управните спорови, во врска со членот 6 и 9 од истиот закон кога утврдил дека актот кој се оспорува не преставува конкретен управен акт против кој може да се води управен спор. Во конкретниот случај се работи за акт со кој одлучувал орган во смисла на член 6 од истиот закон и оспорената одлука е одлука за одлучување на права и обврски на одредено физичко или правно лице во одредена поединечна управна работа, во конкретниот случај но кога истата е донесена од страна на Собранието на Република Македонија.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги имаше во предвид жалбените наводи на тужителот дека при донесување на оспорената одлука требало да се има во предвид членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 113/14) и други закони по кои различно е постапувано за истата правна ситуација, а како пример е наведен Изборниот законик и престанокот на функцијата член на Државната изборна комисија, но најде дека се неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што согласно член 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 74/2015, пречистен текст), е утврдено дека со овој закон се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување.(2) Работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.Според член 104 став 1 и 2 од истиот закон, Работодавачот го прекинува договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж. (2) Работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст (маж), односно до 65 години возраст (жена), доколку со закон поинаку не е утврдено.

Во Законот за работните односи, во општите одредби, е пропишано дека со законот се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување. Во конкретниот случај замениците на Народниот правобранител не склучуваат договори за вработување ниту со Собранието на Република Македонија чија одлука е предмет на управен спор, па ниту со Народниот правобранител на Република Македонија. Согласно Законот за народен правобранител, замениците на Народниот правобранител се именуваат со Одлука на Собранието на Република Македонија. Функцијата на народниот правобранител и заменик народниот правобранител престанува односно се разрешува со исполнување на условите за старосна пензија, согласно со закон, а тоа е Законот за Народен правобранител, а во врска со членот 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, според кој осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж) односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж. Поради наведено овој суд најде дека од страна на судот и тужениот орган правилно е применет членот 104 од Законот за работните односи како sui generis . Треба да се има во предвид дека со ставот 2 од истиот член се упатува на примена на закон, доколку тоа прашање е уредено со материјалниот закон. Во конкретниот случај се применува Законот за Народен правобранител како lex specialis каде е определено дека причина за разрешување на заменик на Народниот правобранител е исполнување на услови за старосна пензија и упатува на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**III – УЖ-3 бр. 541/2014**

судија Мирјана Василевска

**Правилен став е да во конректниот предмет, не треба да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд, заради неисполнување на Договор за простапување кон Јавно приватно партнерство за реализиација на проект изградба на Мини Хидроелектрична Централа со јавниот партнер. Во конкретниот случај тужителот со тужба бара донесување пресуда и решение за определување времена мерка со која треба да биде задолжен тужениот да изврши некое чинење од каде произлегува дека треба да се донесе утврдителна и кондемнаторна пресуда.**

Жалбата на тужениот е основана.

Постапувајќи по тужбата на тужителот Управниот суд донел Пресуда и Решение за времена мерка и Дополнителна пресуда и Дополнително решение за времена мерка , со која тужбата за неисполнување на договор ја уважил, како и барањето за донесување времена мерка го уважил и го задолжил тужениот да го отвори главниот вентил кој го регулира зафаќањето на вода од акумулацијата и да ги исполнува обврските од член 10 точка 10.5 и член 24 од Договор за пристапување кон Јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на Мини Хидроелектрична централа со јавниот партнер сега тужениот. Управниот суд постапувајки по барањето на тужителот судот да се произнесе по ставовите 2, 3 и 4 од петитумот на тужбата и по барањето од став 2 и 3 од петитумот од посебниот предлог за времена мерка, донел Дополнителна Пресуда и Дополнително Решение за времена мерка со кое се задолжува тужениот да ги исполнува обврските од Договор за пристапување кон Јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на Мини Хидроелектрична централа со јавниот партнер и за потребите на нормално функционирање на хидроцентралата да испорачува количини на вода кои не може да бидат помали од 280 л/сек во секој момент на годината и тоа во целокупно траење на договорот. Се задолжува тужениот да ги почитува условите од водостопанската согласност да му овозможи на тужителот да зафаќа до 1 м3 вода во секунда од акумулацијата според планот на производство по коти во рок од 8 дена од приемот на одлуката под страв за присилно извршување. Судот исто така го задолжил тужениот да ги почитува обврските од член 10 точка 8 од Договорот и да му овозможува на тужителот непречен пристап до хидроцентралата за цело времетраење на експлоатацијата на централата како и обврската од член 21 и заеднички со тужителот да учествува во активностите за пуштање и запирање на хидроцентралата заради усогласување на работата на истата со притисокот во цевоводот. Во однос на барањето за времена мерка судот го задолжил тужениот да го постави главниот вентил од водозафатниот објект кој го регулира зафаќањето на вода од акумулацијата на ниво на зафаќање на вода до 1м3/сек согласно условите за користење на вода содржани во Водостопанска согласност на МЖСПП на РМ година до правосилно

завршување на постапката. Исто така судот го задолжи тужениот да обезбеди присуство на свои вработени и да соработува со тужителот при пуштање и запирање на работата на хидроцентралата.

Вишиот управен суд најде дека при донесувањето на обжалената пресуда Управниот суд сторил суштествена повреда на одредбите од постапката од член 42-г став 2 точка 3 од Законот за управните спорови, на кои внимава по службена должност.Согласно член 42-г став 2 точка 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10) суштествена повреда на одредбите од постапката секогаш постои, ако: е одлучено за барање во спор што не спаѓа во управно судска надлежност.

Овој суд смета дека Управниот суд сторил суштествена повреда на одредбите од постапката прифаќајки дека во конкретниот случај против Договорот за пристапување кон Јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на Мини Хидроелектрична централа може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд. Во овој случај се работи за спор помеѓу договорни страни кој според својата природа претставува договор, односно облигационен однос. Нејасно е од кои причини Управниот суд се впуштил во утврдување на фактичка состојба во конкретниот облигационен однос и врз основа на кои релевантни приложени докази Управниот суд ги извел заклучоците и го задолжил тужениот за исполнување на облигационите обврски од договорот во однос на збирни количини на вода потребни за нормално функционирање на хидроцентралата, планот на производството сразмерно по коти, заедничко учество во активностите за пуштање и запирање на хидроцентралата и друго и ја утврдил фактичката состојба. Се ова може да биде предмет на парнична постапка пред надлежен Основен суд каде во една контрадикторна постапка ке се изврши распит на странките, сведоците и слично и изврши потребно вештачење, од каде јасно би произлегло дека тужителот со тужба бара донесување пресуда за утврдување односно извршување на некакво чинење, дотолку повеке што од содржината на членот 27 од Договорот произлегува дека сите недоразбирања и спорови договорните страни ке ги решаваат меѓусебно по деловни обичаи, а во случај на спор надлежен е Основен суд Скопје 2. Ова дотолку повеке што во конкретниот случај тужителот со тужба бара донесување пресуда и решение за определување времена мерка со која треба да биде задолжен тужениот да изврши некое чинење од каде произлегува дека треба да се донесе утврдителна и кондемнаторна пресуда.